**IPA CROSS-Border Programme CCI Number**
**2007CB16IPO007**
**Project: RD-02-29-162/23.07.2012**
**Ref.: 2007CB16IPO007-2011-2-104**

Проектот „Рака за рака: Малите Бугарчиња и Македончиња“е заеднички проект на општините Василево и Струмјани (Р.Бугарија), за кој средствата се обезбедени од ИПА Програмата за прекугранични соработка.

Вкупниот буџет на овој проект е 492.565 евра, од кои по речиси една половина ќе бидат инвестирани во двете партнерски општини, односно 247 617 евра во општина Василево за изградба на детска градинка и 244 948 во општина Струмјани, за поставување на инсталација за парно греење во три веќе постоечки градинки во населените места Микрево, Струмјани и Илинденци.

Во рамките на овој проект во Василево се гради детска градика со површина од 500 метри квадратни додека во општина Струмјани треба да се инсталира системи за парно греење во три детски градинки. Овие две оптшини од вториот повик за прекугранична соработка меѓу Македонија и Бугарија добија европски средства во висина од околу половина милион евра.

Градинката ќе биде со површина од 420 м2 и капацитет за згрижување на 50 дечиња. Во функционален поглед, објектот ќе биде составен од главен влез, влезен хол, простор за гардероба, две занимални со спална, една занимална – училница, кујна, перална, котлара, економски влез, санитарии за децата и за вработените, канцеларија и тераси.



Во рамките на проектот „Рака за рака: малите Бугарчиња и Македончиња“ беа реализирани неколку научни конференции и работилници.

Првата дводневна научна конференција беше реализирана во периодот 27.12-28.12.2012 година во општина Струмјани, Бугарија. На конференцијата учествуваа повеќе излагачи од Р.Бугарија и Р.Македонија. Како излагачи на конференцијата беа и професори од Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип. Темата на која се претстави излагачите проф. Д-р Соња Петровска и асс. Д-р Деспина Сивевска беше: *Потреба од вклученост на децата од руралните средини во организираното предучилишно воспитание.*

Во рамките на проектот, во периодот 18-19.април.2013, во о.Василево беше реализирана и работилница на тема: *„Проблемите, предизвиците и решенијата во предучилишното воспитание*“. Целта на работилницата беше да се разменат искуства и знаења во врска со организациската поставеност на предучилишното воспитание во двете држави и во врска со проблемите во руралните средини, како и да се предложат можни решенија за нивно надминување.

Учесници во работилницата: воспитувачи, родители, претставници од локалните самоуправи на општините партнери.

Реализатори на работилницата: проф. д-р Соња Петровска, асс. Д-р Деспина Сивевска.


Hand in hand:
Macedonians"





Дополнителни информации за проектот може да се добијат на:

http://www.opstinavasilevo.gov.mk/mak/index.asp

http://www.opstinavasilevo.gov.mk/mak/aktuelno.asp?id=1148